РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 02-7155/6
12 -07- 2021 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ...
Бр. 02-03/21
12.07. 2021 год
СКОПЈЕ

# КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Скопје, Јули 2021 година

Врз основа на Законот за јавните претпријатија, Законот за административните службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за работните односи, Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија, член 20 став 1 точка 21 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта и член 97 од Колективниот договор на јавното претпријатие за државни патишта, Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта и Синдикатот на работниците на Јавното претпријатие за државни патишта, на ден 12.07.2021 го склучија следниот

## КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

### Член 1

Во Колективниот договор на Јавното претпријатие за државни патишта број 02-13352/8 од 28.12.2020 година и број 02-32/20 од 28.12.2020 година, во членот 17 ставот 7 се менува и гласи: "Вработениот може во случај на неодложна лична потреба со согласност од претпоставениот да го напушти работното место, најмногу до 4 часа во текот на еден месец."

### Член 2

Во членот 68 алинејата 6 се менува и гласи: "Вработениот има право на регрес за годишен одмор најмногу до 60% од месечната исплатена нето плата по вработен во Републиката објавена до денот на исплатата, под услов вработениот да работел најмалку шест (6) месеци во календарската година кај работодавачот."

### Член 3

Овој Колективен договор за изменување на Колективниот договор на ЈП за државни патишта, влегува во сила со денот на склучувањето.

ПОТПИСНИЦИ:

| | |
|---|---|
| Управен одбор | Синдикат |
| Претседател | Претседател |
| Љупка Цикарска | Благој Настовски |